Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15, а во врска со член 18 став 1 алинеја 22 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20), член 39 став 1 алинеи 1 и 15 и член 15 став 1 алинеја 19 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, член 75-г, член 76-в ставови 8, 9 и 10 и член 76-д став 8 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 и 42/20), согласно Заклучокот бр. 02-2499/3 од 15.06.2020 година, Советот на Агенцијата на својата 22 седница одржана на 15.06.2020 година, донесе

# УПАТСТВО
# ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИТЕ
# ЗА ЕМИТУВАНО ПЛАТЕНО ПОЛИТИЧКО РЕКЛАМИРАЊЕ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Со ова Упатство се утврдува начинот на потврдување на извештаите за емитуваното платено политичко рекламирање (ППР) на радиодифузерите од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ).

Притоа се имаат предвид обврските на радиодифузерите од Изборниот законик, да го снимаат излезниот сигнал на својата програма и снимките да ги чуваат најмалку 30 дена по завршување на изборите, а на барање на Агенцијата да доставaт снимка или други податоци поврзани со медиумското претставување за изборниот процес, најдоцна во рок од 48 часа од добивањето на барањето, како и да ги достават склучените договори за ППР.[1]

Согласно Изборниот законик, финансиските средства за објавување платено политичко рекламирање на учесниците во изборниот процес на програмите на радиодифузерите (радијата и телевизиите) се обезбедуваат од Буџетот на државата.

Трошоците за објавеното платено политичко рекламирање ги исплаќа Државната изборна комисија (ДИК), врз основа на доставена фактура, во рок од 30 дена од настапување на предизборниот молк. Доколку се одржува втор круг на гласање, односно прегласување, трошоците за објавеното ППР се исплаќаат во рок од 30 дена од настапување на предизборниот молк во вториот круг на гласање.

Во прилог на фактурата, радиодифузерите до ДИК треба да доставaт: договор/и за ППР склучен/и со учесникот/учесниците во изборниот процес, медиа план/ови и извештај за реализирани услуги.

Претходно, се должни, извештајот за реализирани услуги да го доставaт до АВМУ. Извештајот се доставува во рок од 5 дена од настапување на предизборниот молк. Доколку се одржува втор круг на гласање, односно прегласување, извештајот се доставува во рок од 5 дена од настапување на предизборниот молк во вториот круг на гласање.

Агенцијата треба да го потврди извештајот во рок од 5 дена од денот на неговото доставување.

---

[1] Глоба во износ од 2.250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на радиодифузерот доколку не достави во АВМУ снимки и други податоци, а на одговорното лице ќе му се изрече глоба во износ од 30% од одмерената глоба на радиодифузерот; и глоба во износ од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на радиодифузерот доколку не ги достави договорите до АВМУ и ДИК.

Потоа, во рок од 5 дена од денот на потврдување на извештајот од АВМУ, радиодифузерите се должни да го достават потврдениот извештај до учесникот/учесниците во изборниот процес, а заедно со целосната документација да го достават до ДИК.

## II. ИНФОРМИРАЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СКЛУЧЕНИ ДОГОВОРИ

За да ги потврди извештаите за реализирани услуги на радиодифузерите за време на изборната кампања, Агенцијата треба да изврши мониторинг врз емитуваното платено политичко рекламирање.

Заради организација на овој мониторинг, радиодифузерите што ќе склучат договори за ППР со учесниците во изборниот процес, веднаш, а најдоцна во рок од два дена по склучувањето на договорот, до Агенцијата треба да достават скениран примерок од секој од договорите.

Заедно со договорите треба да достават и скениран примерок од секој од медиа плановите што ќе ги добијат од учесниците во изборниот процес.

Оваа комуникација меѓу Агенцијата и радиодифузерите ќе се одвива исклучиво електронски, преку посебна адреса на електронска пошта izbori@avmu.mk востановена од Агенцијата исклучиво за оваа намена.

## III. ДОСТАВУВАЊЕ СНИМКИ ОД ПРОГРАМАТА

Мониторингот врз емитуваното платено политичко рекламирање ќе се изврши преку анализа на снимки од емитуваната програма и анализа на документи.

Радиодифузерите од кои ќе биде побарано да ѝ достават на Агенцијата снимки од програмата, снимките ќе ги доставуваат во неколку фази:

i. Најдоцна на 7$^{от}$ ден од почетокот на изборната кампања ќе достават снимки за првите пет дена,

ii. најдоцна на 12$^{от}$ ден од почетокот на изборната кампања ќе достават снимки за вторите пет дена,

iii. најдоцна на 17$^{от}$ ден од почетокот на изборната кампања ќе достават снимки за третите пет дена, а

iv. најдоцна на денот на гласањето ќе достават снимки за последните четири дена од кампањата.

Доколку се одржува втор круг на гласање, односно прегласување, радиодифузерите продолжуваат да доставуваат снимки од програмата за емитуваното платено политичко рекламирање во вториот круг од изборната кампања. За преостанатите 12 дена од кампањата, снимките ги испраќаат во две фази:

i. Најдоцна на 8$^{от}$ ден од изборната кампања во вториот круг ќе достават снимки за првите шест дена, и

ii. најдоцна на денот на гласањето во вториот круг ќе достават снимки за вторите шест дена од кампањата.

Во зависност од квалитетот на доставените снимки или на снимките со кои располага Агенцијата, за конкретни радиодифузери може да биде воспоставена поинаква шема за доставување на снимки.

Снимките се доставуваат исклучиво преку посебната адреса на електронска пошта izbori@avmu.mk

## IV. ФОРМАТ НА СНИМКИТЕ

Снимки се доставуваат за секој реален час од програмата во кој е емитувано платено политичко рекламирање. Снимката за секој реален час треба да биде спакувана во посебен фајл, означен со следниве

податоци: името на радиодифузерот, денот и реалниот час на кој се однесува снимката (на пример, ТВ Х, 2 јули, од 7 до 8 часот).

Заради прецизно евидентирање на емитуваното платено политичко рекламирање, снимката за секој реален час (според часовникот) треба да биде снимена, односно да започнува точно на почетокот од часот (на пример, точно во 7 часот, ниту пред, ниту по 7 часот).

Видео снимките треба да бидат направени во форматите „MPEG-4“ или „AVI“, а радио снимките во форматот „MP3“.

Снимките ќе се испраќаат преку WeTransfer, исклучиво преку посебната адреса на електронска пошта izbori@avmu.mk

Доколку снимките не бидат доставени на време и во соодветен формат, Агенцијата нема да ги потврди извештаите за реализирани услуги, односно за емитувано платено политичко рекламирање.

## V. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ УСЛУГИ

Радиодифузерите се должни да го достават извештајот за реализирани услуги во АВМУ во рок од 5 дена од настапување на предизборниот молк. Доколку се одржува втор круг на гласање, односно прегласување, извештајот се доставува во рок од 5 дена од настапување на предизборниот молк во вториот круг на гласање.

Извештајот се доставува на образец пропишан од АВМУ за секој изборен процес поединечно, што Агенцијата ќе го објави на видливо место на својот веб сајт www.avmu.mk

Извештајот се доставува скениран, а претходно читко пополнет, заверен, со печат од правното лице и соодветните потписи, преку електронската адреса izbori@avmu.mk

## VI. ПОТВРДУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИТЕ

Агенцијата ќе го потврди извештајот во рок од 5 дена од денот на неговото доставување врз основа на претходно направени анализи на доставените документи и на снимките од емитуваното платено политичко рекламирање.

Доколку при потврдувањето констатира грешки во извештајот, од радиодифузерот ќе биде побарано во најкраток можен рок да ги отстрани и да достави нова верзија од документот.

АВМУ го потврдува извештајот со печат и соодветен потпис и го враќа на радиодифузерот во скенирана форма преку електронска пошта.

Агенцијата нема да ги потврди извештаите со податоци различни од податоците што АВМУ ќе ги добие врз основа на мониторингот, односно анализите.

## VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Ова упатство влегува во сила со денот на донесување, и ќе биде објавено на веб сајтот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни**
**медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Бр. 01-2544/1**
**15.06.2020 година**
**Скопје**